Ул. „ Димитрие Чуповски “ бр.13
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: +389 2 32 89 200
факс: +389 2 24 611
contact@aec.mk

# З А П И С Н И К

од дванаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

Дванаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата **се одржа на 14.11.2013 година,** со почеток во 09:00 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Гордана Клинчарова, претседател;
2. Славе Веловски, член;
3. Петар Есмеров, член;
4. Горан Велинов, член,
5. Газменд Ајдини, член
6. Роберт Орданоски, директор
7. Владимир Ристевски, советник во кабинетот на директорот за анализа на пазар,
8. Елизабета Двојакова, шеф на кабинетот на директорот, и
9. Бојана Гошева, записничар.

На состанокот се работеше по предложениот дневниот ред:

1. Усвојување на Записникот од единаесетиот состанок на Комисијата на АЕК одржана на 18.10.2013 и усвојување на предлог дневниот ред за дванаесеттиот состанок;

Записникот од единаесетиот состанок на Комисијата беше едногласно усвоен, како и дневниот ред.

2. Разгледување на Кварталните извештаи на секторите /службите во АЕК за период Јули – Септември 2013 година;

Владимир Ристевски, советник во кабинетот на директорот за анализа на пазар го презентираше Извештајот за спроведени активности на секторите /службите во АЕК за период Јули –Септември 2013 година од кој ги одвои од сектророт за правни работи изготвување на листа на подзаконски акти донесени

од АЕК како и учество во изготвување на План за нумерација, во изготвување на Измена и дополнување на Правилник за доделување на броеви и серии на броеви, во изготвување на Правилник за преносливост на броеви, во изготвување на Правилник за условите за работа на дигитална телевизиска опрема, во изготвување на потребна документација по спроведувањето на Тендерот за 4Г.

Од Секторот за анализа на пазар објавувањето на ново Упатство за обезбедување на информации и финансиски податоци за анализа на пазар  кои следеа по објавувањето на Измените и дополнувањата на Законот за електронски комуникации.

Од Секторот за телекомуникации ги одвои Ажурирање на листата на нотифицирани субјекти што се води во Агенцијата на сите нови нотифицирани оператори и даватели на јавни електронски комуникациски услуги, и бришење на опеараторите кои не започнале со работа на датумот наведен во нотификацијата, а не ја известиле Агенцијата за настанатата промена; Контрола на содржината на договорите што ги склучуваат операторите со своите претплатници а особено од аспект на нивото на испорачана услуга (SLA) (Согласно Директивата за Универзална услуга, Директивата за интерконекција и пристап и Рамковна Директива); Дополнување на Планот за нумерација за јавните електронски мрежи и услуги во Република Македонија и проширување на лепезата на услуги што операторите ги обезбедуваат за своите корисници, во насока на хармонизација со препораките од EU како и Промоција на електронскиот регистар на изградени јавни електронски комуникациски мрежи.

Од Секторот за радиокомуникации ги одвои Ревизијата на Планот за намена на радиофреквенциски опсези во Република Македонија е успесно извршена. Планот е усвоен и објавен на веб страната на Агенцијата на 18.07.2013 година. Успешно е спроведена дигитализацијата во телевизијата во опсегот 470 – 862 (790) MHz. Отповикани се одобренијатра за користење на радиофреквенции на трговските радиодифузни друштва. По добиената изјава од ЈП МРД за процентот на извршени активности во однос на исклучување на аналогната и пуштање во работа на дигиталната телевизиска предавателна опрема, се отповикуваат одобренијата за УХФ. За потребите на ЈП МРД за дотур на модулација, во тек е планирање на доделби за линковската мрежа во повеќе фреквенциски опсези како и следење на динамиката на изградба на мрежите за дигитална телевизија

Од Секторот за контрола и мониторинг на радиофреквенции за третиот квартал го одвои активнивноста за монтажата на РФ сензорите за TDOA на скоро целата територија на Македонија. Во регионот кој го покрива КМЦ Скопје монтирани се : 3 сензори  во Скопје ,1 во Гостивар ,1 во Кичево ,3 во Велес.

Од Службата за информатика се издвоија мобилните апликации чија цел е СИ да изработи мобилни апликации за smartphone уредите од областа на електронски комуникации што АЕК ќе им ги понуди на крајните корисници за бесплатно користење.

3. Разно

Состанокот на Комисијата заврши во 11:30 часот.

1. Гордана Клинчарова, претседател__________

2. Славе Веловски, член__________________

3. Петар Есмеров, член___________________

4. Горан Велинов, член____________________

5. Газменд Ајдини, член____________________